**Република Македонија**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**

# И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

## ЗА ИЗВРШЕНАТА АНАЛИЗА НА ВНАТРЕШНИТЕ ПРОЦЕСИ, ФУНКЦИИТЕ И ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВАТА И ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Скопје, ноември 2018 година

## 1.Вовед

Во рамките на обврската која произлегува од Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година и Акцискиот план, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија е задолжен за спроведување на мерката М 1.1.2. Подобрување на процесите и капацитетите за среднорочно, секторско и годишно планирање во министерствата и другите органи на државната управа од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022.

За оваа цел Генералниот секретар на Владата на Република Македонија формира Работна група за спроведување на мерката М 1.1.2. Подобрување на процесите и капацитетите за среднорочно, секторско и годишно планирање во министерствата и другите органи на државната управа од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022, со Решение бр. 49-4099/1 од 11.04.2018 година и Решение бр. 49-4099/2 од 16.05.2018 година.

Во насока на реализација на оваа мерка работната група подготви Прашалник за анализа на интерните процеси, функциите и човечките ресурси за стратешко планирање во министерствата и другите органи на државната управа и истиот беше доставен до сите министерства и СЕП (Секретаријат за европски прашања ), СРД (Секретаријат за спроведување на рамковниот договор) и СЗ (Секретаријат за законодавство). Цел на прашалникот беше да се согледа состојбата со капацитетите за стратешко планирање, креирање на политики и следење, како и дали е институционализиран сектор или одделение за оваа цел или пак прашањето на стратешкото плаирање, креирање на политиките и следење е доверена на работна група на ниво на орган на државната управа, дали при институционализирање на организациониот облик (сектор или одделение) и утврдување на неговите надлежности е консултирана правната рамка која се однесува на процесот на стратешко планирање и буџетирање во Република Македонија, да се согледа состојбата со стручните квалификации, знаење и вештини на вработените во претходно наведените организациони облици (сектор/одделение), да се утврди должината на нивното работно искуство во областа на стратешкото планирање, да се утврдат типовите на обуки и дообуки кои ги имаат посетено во последните 2 години, дали при креирањето на стратешкиот план квалитетно се идентификуваат и вклучуваат засегнатите страни, дали се подготвуваат извештаи поврзани со спроведувањето на стратешкиот план, дали во случај на застој/потешкотии на спроведувањето на одделна мерка/активност постојат механизми за надминување на појавениот застој, кои се плановите на институциите за во иднина во врска со капацитетите за стратешко планирање и дали постои усогласеност помеѓу стратешкото планирање и буџетскиот процес.

Прилог 1 - Прашалник за анализа на интерните процеси, функциите и човечките ресурси за стратешко планирање во министерствата и другите органи на државната управа.
Во подготвувањето на оваа Анализа учествуваа и вработените во Секторот за стратегија, планирање и следење.

## 2. Цел на информацијата

Цел на информацијата е преку извршената анализа на внатрешните процеси, функции и човечките капацитети за стратешко планирање во министерствата и другите органи на државната управа да се согледаат капацитетите и ресурсите за стратешко планирање креирање на политиките и следење и да се дадат препораки согласно севкупните ресурси на органот на државната управа за нивно зајакнување - надградба во насока подобрување на процесите за среднорочно, секторско и годишно планирање во министерствата и другите органи на управата.

## 3. Стратешкото планирање и неговата улога во процесот на донесување одлуки

### *3.1 Стратешкото планирање во Република Македонија*

Процесот на стратешкото планирање претставува механизам кој и овозможува на Владата на Република Македонија врз основа на претходно издржана анализа да ги утврди пририtетите, приоритетните цели и политиките поврзани со нив во рамките на буџетскиот процес да алоцира соодветни ресурси за нивно спроведување. Со интегрирањето на процесот на стратешко планирање и буџетскиот процес се зголемуваат капацитетите и ефикасноста за спроведување на Владата на Република Македонија за спроведување на стратешките приоритети и приоритетни цели.
Стратешкото планирање во Република Македонија претставува процес на континуирано планирање во среднорочна тригодишна рамка. Тоа значи дека министерствата и другите органи на државната управа подготвуваат план во кој се одразени приоритетите, целите, програмите во наредните три години во функција на стратешките приоритети на Владата.

Ваквиот начин на планирање е основа за поинакво управување во министерствата и другите органи на државната управа. Значи, успешноста на работата на министерствата се мери не со потрошеното, туку со постигнатите резултати и дали тие резултати ја подобриле состојбата во областа за која министерството е надлежно. Со овој начин на управување и планирање може да се очекува дека ќе бидат постигнати вистински промени и подобрувања на состојбите и остварување на стратешките приоритети и цели на Владата.

*3.2 Нормативна уреденост*

Стратешкото планирање во Република Македонија е уредено со:

- Закон за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 142/2016);
- Закон за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16);
- Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2017-2020;
- Долгорочните и среднорочните и акти на Владата;
- Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07. 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13,145/14, 62/15, 41/16, 153/16 и 113/17);
- Фискалната стратегија на Република Македонија 2018-2020,
- Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 124/08 и 58/18);
- Уредба за начелата за внатрешната организација на државната управа („Службен весник на Република Македонија бр.105/07;146/07 и 149/11)
- Методологија за анализа на политиките и координација („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/06);
- Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр.131/18);
- Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување на спроведувањето на стратешкиот план и Годишниот план за работа (Службен весник на Република Македонија бр.131/18);
- Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13 и 139/14);
- Насоки на подготвување на стратешки планови на министерствата и органите на државната управа и насоки на подготвување на стратешки планови на единиците на локалната самоуправа.

- Прирачник за стратешко планирање, Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија, 2014;
- Прирачник за креирање политики, Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија, 2008;
- Стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа кои ја даваат поврзаноста на краткорочното со среднорочното планирање;

## 4. Ефикасно спроведување на процесот на стратешко планирање

### *4.1 Значењето на стратешкото планирање за работата на министерствата и другите органи на државната управа*

Во стратешките планови на министерствата се утврдуваат приоритетите и целите кои треба да бидат постигнати во наредниот тригодишен период кои треба да бидат усогласени со стратешките приоритети на Владата.

Процесот на стратешкото планирање им овозможува на министерствата на систематски и структуриран начин да ги анализираат, планираат, следат и евалуираат:

- Надлежностите и обврските – целта на постоењето на министерството (мисијата), искористеноста на постоечките ресурси, нивната распределба по функции и потребата од нови ресурси, како и организациската поставеност;
- Предностите и недостатоците на министерството – човечкиот потенцијал со кој располага органот, неговата организациона поставеност, внатрешната комуникација и координација, техничката - технолошката опременост, просторните можности;
- Работното опкружување – сите надворешни фактори кои влијаат на работата – политиката, економијата, другите министерства и органи со кои соработува министерството/органот или имаат некаков заеднички интерес;
- Визијата за развој во иднина – стратешкото планирање е начин како активно да се поттикнат промени, а не само да се реагира на надворешните промени;
- Политиките и програмите во соодветната област – преку кои ќе се спроведуваат стратешките приоритети и целите на Владата и ќе се остварува основната надлежност(и) утврдена со закон;
- Резултатите и ефективноста на предвидените програми и политики – процесот на стратешко планирање е инструмент за постојано следење и евалуација на реализацијата на активностите и остварувањето на утврдените цели.

Според ова, јасно може да се заклучи дека годишниот циклус на стратешкото планирање не само што е поврзан и зависи од постигнатите резултати во работата и спроведувањето на политиките во соодветните области за кои се надлежни министерствата, туку преку овој процес на планирање се дефинираат и приоритетните прашања кои како политики ќе треба да се усвојат во наредниот период и ќе треба да се вградат во предвидувањата и буџетските пресметки на министерствата.

За натамошен развој на стратешко планирање, министерствата и органите на државната управа треба да развиваат соодветни административни капацитети кои ќе бидат во состојба да ги спроведуваат функциите што се поврзани со стратешкото планирање и со анализа на политиките и координацијата, и спроведување. На овој начин ќе се обезбеди развој на ефективни и ефикасни министерства за спроведување на приоритетните политики на Владата, а со тоа и напредок во процесот на евро-атлантските интеграции.

**5.Анализа на добиени одговори од доставен Прашалник за анализа на интерните процеси, функциите и човечките капацитети за стратешко планирање во министерствата и другите органи на државната управа и истиот беше испратен до сите министерства и до Секретаријатот за европски прашања, Секретаријатот за законодавство и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.**

Согласно доставениот Прашалник од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, добиени се пополнети прашалници од **15 министерства** и тоа:

- Министерство за одбрана
- Министерство за внатрешни работи
- Министерство за правда
- Министерство за надворешни работи
- Министерство за финансии
- Министерство за економија
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Министерство за здравство
- Министерство за образование и наука
- Министерство за труд и социјална политика
- Министерство за локална самоуправа
- Министерство за култура
- Министерство за транспорт и врски
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Министерство за информатичко општество и администрација

Пополнети прашалници се добиени од **трите секретаријати** и тоа:

- Секретаријат за европски прашања
- Секретаријат за законодавство

- Секретаријат за спроведување на Рмаковниот договор

На прашањето 1.Дали во вашата институција согласно Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа, има предвидено сектор/одделение за стратешко планирање, креирање на политики и следење?
*Со ДА одговориле 16 институции со НЕ една.*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор ДА**

На потпрашањето 1.1 Доколку одговорот е НЕ, наведете како се извршуваат работните задачи поврзани со процесот на стратешко планирање и следење (подготовката на Стратешкиот план на институцијата) и креирањето на политиките во вашата институција? (пр. дали за подготовка на Стратешкиот план се формира Работна група)
*Добиен е одговор дека формираната работна група на ниво на институција во координација заедно со одделение за финансиски прашања го подготвува стратешкиот план и буџетското барање.*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор** не е наведен одговорот.

На прашањето 1.2 Доколку одговорот е ДА, одговорете дали има оформено сектор/одделение за стратешко планирање и следење, креирање на политики и колку работни места се предвидени за извршување на соодветните работни задачи?
*Од обработката на добиените податоци утврдено е дека по акти на систематизација работат 60 извршители и констатирано е дека од вкупно 17 органи, во 15 е институционализирано одделение за стратешко планирање при што се забележува дека при одделни институции наведените одделенија освен за стратешко планирање функционираат во рамките на сектори со други надлежности (за контрола на квалитет, за креирање на политики, прашања за односи со јавноста).*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор** - планирани 2182 а вработени 1574 административни службеници

На прашањето 2. Дали при утврдување на надлежностите на организациониот облик (сектор/одделение) за стратешко планирање е консултирана правната рамка за стратешко планирање (Законот за буџетите, Деловникот за работа на ВРМ, Методологија за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на ВРМ, Упатството за формата содржината и начинот на подготвување на стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа, Насоките за стратешко планирање, Прирачник за стратешко планирање)?
*Со ДА одговориле 15 институции, 1 институција со НЕ и една неутрално.*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор ДА**

На прашањето 3.Наведете ги стручните квалификации на вработените во секторот /одделение за стратешко планирање и следење, креирање на политики, според степенот и видот на образование?

*Од анализата на одговорите заклучено е дека на стратешкото работа извршители со ССП меѓутоа и со несоодветни квалификации со ВСП, а во одделни институции воопшто не се пополнети работните позиции;и во многу мал број на институции постои институционална меморија односно исти извршители работат во континуитет на стратешко планирање.(МЗ)*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор** - потполнети се по систематизација на работните места

На прашањето 4.Наведете ја должината на работното искуство на вработените, поврзано со процесот на стратешкото планирање,
*стажот варира од најмногу 16 до 1 година со тоа што просекот се движи помеѓу 3 и 4 години и една институција со едно лице од 7,5 години, а второ од 3,5 години.*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор** – во просек стажот се движи помеѓу 3 и 4 години

На прашањето 5.Наведете дали и колку и каков тип обуки од областа на стратешкото планирање посетиле административните службеници во текот на 2017 година и тековната 2018 година.,
Добиен е одговор дека *административини службеници од различни сектори/одделенија имаат посетено генерички обуки и специјализирани обуки ( 4 дневни со фокус на 4 клучни фази во процесот на сп) за процесот на стратешко планирање во организација на Генералниот Секретаријат на Владата на РМ.*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор** - не се наведени обуки

На прашањето 6.Дали секторот/одделение за стратешко планирање, креирање на политики и следење соработува со останатите сектори во вашата институција и другите органи на државната управа при креирањето и спроведувањето на стратешкиот план (засегнатите страни)?
*добиен е одговор со ДА од 15 институции, 1 институција одговорила НЕ и 1 институција нема одговорено.*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор ДА**

На прашањето 7.Дали секторот/одделението за стратешко планирање, креирање на политики и следење подготвува Извештаи за степенот на реализација на стратешкиот план на институцијата?Добиен е одговор,
*ДА-10 институции, НЕ-6 институции, 1 нема одговор.*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор** НЕ

На прашањето 8. Кои мерки се преземаат од страна на сектор/одделение за стратешко планирање, креирање на политики и следење кога ќе детектира застој во реализација на планираните цели?
Добиен е одговор *ДА- 14 институции, НЕ- 3 институции. Внатрешно се координираат 14 институции, а 3 немаат одговорено.*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор** – мерки за подобрување на сегашната состојба

На прашањето 9. Кои се натамошните плановите на вашата институција во врска со капацитетите за стратешко планирање, креирање на политики и следење,
Добиен е одговор: *9 институции укажуваат на потребата од зголемување на бројот на извршители без наведување на конкретна бројка, 3 институции планираат зајакнување со 1-2 извршители; 2 институции се повикуваат на функционалната анализа, 2 институции на формирање на сектор, 1 укажува на јакнењето на свеста и разбирањето за стратешкото планирање.*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор** - зајакнување на капацитетите на Секторот за стратегија, планирање, преку обуки во областа на стратешкото планирање

На прашањето 10. Дали процесот на стратешко планирање ви помага во дефинирањето на приоритетните прашања кои како политики ќе треба да се спроведат во наредниот период и истите ќе треба да се вградат во предвидувањето и пресметките на Буџетот на институцијата?
*Добиен е одговор ДА- 16 институции ,НЕ – 1. Институција*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор ДА**

На прашањето 11. Дали постои усогласеност помеѓу стратешкиот план, годишното планирање (при предлагањето на иницијативите за подготвувањето на Годишната програма за работа на Владата), планирањето на НПАА, ИПА 2 и долгорочното планирање?
*Добиен е одговор ДА- 17 институции, НЕ- 0.*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор ДА**

На прашањето 12. Дали во вашата институција е обезбедена усогласеност меѓу процесот на стратешко планирање, среднорочната Фискална рамка и буџетскиот процес?
*Добиен е одговор ДА – 17 институции,НЕ- 0.*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор ДА**

На прашањето 13. Дали стратешкиот план на вашата институција претставува инструмент за спроведување на стратешките приоритети на Владата на фискално одржлив начин?
*Добиен е одговор ДА – 17 институции, НЕ – 0.*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор ДА**

На прашањето 14. Дали вашата институција го доставува стратешкиот план до Министерството за финансии заедно со буџетската пресметка?,
*Добиен е одговор ДА-15 институции, НЕ -2 институции.*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор НЕ**

На прашањето 15. Дали постои усогласенот меѓу стратешкиот план (кој се однесува на тригодишен период) со годишниот план за работа на институцијата?
*Добиен е одговор ДА – 14 институции, НЕ – 3 институции.*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор ДА**

На прашањето 16. Дали при подготвувањето на иницијативите за Годишната програма за работа на Владата на РМ постои соработка меѓу организационите единици во вашата институција особено со организационата единица надлежна за ЕУ ?
*Добиен е одговор Да- 15 институции, НЕ- 2 институции.*

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор ДА**

На прашањето 17. Дали во вашата институција постојат обучени кадри одговорни за извршување на следниве функции:- Креирање, координација на политиките и следење на нивното спроведување, Планирање на НПАА и ИПА/ Сектор за ЕУ, Подготвување и извршување на Буџет, Внатрешна ревизија и Управување со информатичка технологија.

| | | |
|---|---|---|
| - Креирање, координација на политиките и следење на нивното спроведување | □ ДА □ НЕ | **предвидени: 103** |
| | | **пополнети: 54** |
| - Планирање на НПАА и ИПА/ Сектор за ЕУ | □ ДА | **предвидени: 159** |
| | | **пополнети: 105** |
| - Подготвување и извршување на Буџет | □ ДА □ НЕ | **предвидени: 245** |
| | | **пополнети: 152** |
| - Внатрешна ревизија | □ ДА □ НЕ | **предвидени: 79** |
| | | **пополнети: 54** |
| - Управување со информатичка технологија | □ ДА □ НЕ | **предвидени: 163** |
| | | **пополнети: 91** |

- **Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор**

| | | |
|---|---|---|
| - Креирање, координација на политиките и следење на нивното спроведување | □ ДА □ НЕ | **предвидени:**<br>**пополнети:** |
| - Планирање на НПАА и ИПА/ Сектор за ЕУ | □ ДА | **предвидени: 9**<br>**пополнети: 3** |
| - Подготвување и извршување на Буџет | □ ДА □ НЕ | **предвидени: 9**<br>**пополнети: 3** |
| - Внатрешна ревизија | □ ДА □ НЕ | **предвидени: 9**<br>**пополнети: 2** |
| - Управување со информатичка технологија | □ ДА □ НЕ | **предвидени: 9**<br>**пополнети: 4** |

Вработените во Одделението за стратегија, планирање и следење( 2182 – планирани 1574 – вработени)се вработени преку К5 програмата во ССРД и постапката за нивно распоредување во институциите на јавниот сектор, согласно заклучоците на ВРМ е во тек.

**6. Заклучни согледувања и препораки**

Од направената анализа на доставените прашалници произлегуваат следниве заклучни согледувања:

-Постои фрагментираност на капацитетите за анализа и координација на политиките, на стратешко планирање и интегрирање со буџетскиот процес и подготвување и следење на Годишен план за работа во министерствата и органите на државната управа;

-Не постои доволен капацитет за анализа на политиките и координација на политиките,при што не се имаат во предвид барањата на правната рамка за наведените процеси.

-Свеста и разбирање за неопходноста од соодветни капацитети за анализа и координација на политиките, стратешко планирање и буџетирање не е на потребното ниво

-Не постои доволно свест за зајакнување на капацитетите за анализа и координација на политиките, стратешко планирање и буџетирање при што треба да се имаат во предвид барањата на правната рамка за наведените процеси ;

-При екипирањето и надградбата на капацитетите за анализа и координација на политиките, стратешко планирање и буџетирање не се води сметка ангажираните административни службеници да одговорат професионално на барањата на процесот на анализа и координација на политиките, креирање и спроведување на стратешкиот план и Годишниот

план за работа на институциијата со акцент на континуирања надградба на нивните знаења и вештини.

-При обуката и професионалниот развој на административните службеници нема поклопување на обуката на вработените во институциите со нивните стратешки приоритети и стратешките цели.

**6.1 Согласно овие заклучни согледувања се утврдуваат следниве препораки:**

-Да се надмине фрагментарност на капацитетите за анализа и координација на политиките, на стратешко планирање и интегрирање со буџетскиот процес и подготвување и следење на Годишниот план за работа на органот на државната управа;

-Во органите на државната управа каде овие функции не се извршуваат преку воспоставен организационен облик (сектор или одделение) да се институционализираат соодветни организациони облици имајќи ги во предвид спецификите и севкупните расположливи ресурси ;

-Да се согледа можноста задачите што се однесуваат на анализа и координација на политиките, на процесот на стратешко планирање и неговото интегрирање со буџетскиот процес и задачата на подготвување и следење на спроведувањето на Годишниот план за работа да се фузираат во еден организационен облик, по можност сектор со три одделенија согласно наведените задачи-одговорности;

-Анализа и користење на наодите од извршената функционална анализа со цел надминување на потенцијалната нерамнотежа меѓу распределбата на клучните функции меѓу организационите облици(сектори и одделенија)и вработените ;

-Да се работи на зајакнување на свеста и разбирањето за анализа и координација на политиките, стратешко планирање и буџетирање и следење на спроведувањето со цел да се има повисока професионална посветеност во врска со процесите на креирањето на политиките, стратешкото планирање, буџетирање, следење на спроведувањето, оценување на влијанитеo на постигнатите резултати и информирање кон Собранието на РМ, Владата на РМ и кон јавноста;

-При институционалното зајакнување/надградување на капацитетите за анализа и координација на политиките, стратешко планирање и буџетирање да се имаат во предвид барањата на правната рамка за наведените процеси (анализа на политики и стратешко планирање и буџетирање), особено при утврдување на задачите и надлежностите на организационите облици кои ќе бидат воспоставени;

-При екипирањето на капацитетите за анализа и координација на политиките, стратешко планирање и буџетирање да се води сметка

ангажираните административни службеници да одговорат професионално и посветено на барањата кои произлегуваат од правната рамка која се однесува на наведените процеси со обезбедување на потребната институционална меморија;

-Обуката и професионалниот развој на административните службеници меѓу другото треба да се интегрираат и во процесот на стратешко планирање и буџетирање. Исто така значајно е да има поклопување на обуката и дообуката на вработените во институцијата со нејзините стратешки приоритети и стратешките цели;

-Планирањето на обуките несомнено ќе им помогне на органите на државната управа да ги интегрираат сите активностите за обука во еден единствен документ, воедно таквиот пристап ќе овозможи мерење на преземените активности во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетни цели;

-Идентификацијата на потребите од обука да се изврши и со разгледување на стратешките планови, како и на новите стратегии и процедури на органите на државната управа. Идентификување на празнината меѓу постоечките нивоа на знаење, вештини и однесување на вработените и она што е потребно за успешно планирање и спроведување на стратешките документи кои се креираат. Воедно се препорачува да се користи пристапот на анализа на начинот на извршување на задачите, со дополнителна анализа на прашањето дали тоа може да се направи поефикасно и поквалитетно.

Исто така при планирањето на идните потреби од обуки и дообуки министерствата и другите органи на државната управа да ги имаат во предвид и направените анализи на доставените Нацрт-стратешки планови до Генералниот Секретаријат на Владата на Република Македонија и заклучните согледувања и препораки кои во континуитет се разгледуваат и утврдуваат од страна на Владата на Република Македонија;

Континуитетот кој е потребен при следењето на генеричките и специјализираните обуки од областа на анализа и кординација на политиките, стратешко планирање и буџетирање во рамките на професионалниот развој на административни службеници да придонесат за стекнување на знаење, вештини и однесување кое е потребно за изработка и имплементација на реално спроведливи стратешки документи; зајакната свест за значењето и улогата на стратешкото планирањето од поширок круг на вработени во органите на државната управа, како дел од стратешкиот менаџмент и негово целосно прифаќање;

- Пред да се пристапи кон планирање редовно да се практикува правење на анализа на состојбата во областа во која делува буџетскиот корисник со конкретна стратешка програма согласно својата мисија, со анализа на програмите и проектите кои се уште се спроведуваат, анализа на оправданоста од интервенција со стратешка програма или проект и импликациите од нивно спроведување;

-Стратешкото планирање да се користи како процес за квалитетна алокација на финансиските ресурси по приоритети;

- да се зголеми нивото на меѓуминистерска соработка и координација во насока на изразување на взаемните интереси на повеќе страни.да се создадат и оспособат капацитети за функционално следење на спроведувањето и евалуацијата на стратешките документи преку компарација на постигнатите резултати, наспроти однапред утврдените цели согласно квалитетни показатели на успешност;
Во контекст на најавата за донесување на нов Закон за буџетите согласно Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија (планиран месец:декември 2018 год.), министерствата и другите органи на државната управа при зајакнување на институционалните капацитети за анализа и кординација на политиките, стратешко планирање, следење на спроведувањето, оценување на влијание на постигнатите резултати, информирање на надлежните институции и јавноста, да ги имаат во предвид импликациите на новиот Закон за буџетите.